*Број: 02-18306/1*
*28.12.2010 година*
*С к о п ј е*

**ЗАПИСНИК**
**од XCII -та седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**

*одржана на 09.12.2010 година со почеток во 13.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**Присутни членови на Управниот одбор:**

- *Д-р. Ирфан Хоца, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член*

**Отсутни членови на Управниот одбор:**

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

**Присутни од ФЗОМ:**

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Кристина Христова, ВД директор на одделението за фармација (делумно присутна);*

- *Деан Михајловски, ВД директор на сектор за човечки ресурси (делумно присутен);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделение за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна),*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделение за преговарање и договарање, (делумно присутна);*
- *Славица Костовска, самостоен стручен соработник за буџет, план и анализа, (делумно присутна);*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, шеф на одделот за примарна здравствена заштита, во својство на записничар.*

*Седницата на Управниот одбор ја отвори заменик на претседателот Др.Ирфан Хоџа. Утврди дека на седницата се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
2. *Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита;*
3. *Информација за поднесените забелешки на Одлуката за утврдување на предлог референтни цени на лекови од 21 октомври 2010 година и донесување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови;*
4. *Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје кои се на специјализација;*
5. *Информација за намирување на досудени судски трошоци од тужители поранешни вработени во Фондот;*
6. *Барања од областа на работните односи:*
    - *Томо Ѓоргиев*
    - *Елена Томоска*
    - *Катерина Витановска*
    - *Делчо Дончов*
    - *Ридван Асани*
    - *Тања Колевска*

7. *Барање од осигуреникот Виолета Ицковска,*
8. *Информација за предметот за лекување во странство на Бафтијари Бејтула;*

9. *Презентација за воведување на терцијар во купувањето на здравствени услуги;*
10. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
11. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*
12. *Предлог -Годишни финансиски буџети на сите јавни здравствени установи заради трезорот;*
13. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари - септември 2010 година;*
14. *Разно*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, предлжи точката 1 и точката2 од дневниот ред да се разгледаат заедно поради нивната поврзаност.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот на Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова и едногласно го усвоија следниот:*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

*1.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
*2.Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита;*
*3.Информација за поднесените забелешки на Одлуката за утврдување на предлог референтни цени на лекови од 21 октомври 2010 година и донесување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови;*
*4.Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје кои се на специјализација;*
*5.Информација за намирување на досудени судски трошоци од тужители поранешни вработени во Фондот;*

*6.Барања од областа на работните односи:*

*Томо Ѓоргиев*

*Елена Томоска*

*Катерина Витановска*

*Делчо Дончов*

*Ридван Асани*

*Тања Колевска*

*7.Барање од осигуреникот Виолета Ицковска,*

*8.Информација за предметот за лекување во странство на Бафтијари Бејтула;*

*9.Презентација за воведување на терцијар во купувањето на здравствени услуги;*

*10.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*

*11.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*

*12. Предлог Годишни финансиски буџети на сите јавни здравствени установи заради трезорот;*

*13.Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари - септември 2010 година;*

*14.Разно*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1** - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита*

***ТОЧКА 2** - Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, информираше дека како решение за начинот на фактурирање кај Здравствените домови кои веќе подолг временски период немаат содветен начин на фактурирање на услуги од превентивната здравствена заштита и итна помош како и соодветно оправдување на нивните надоместоци обезбедени од Фондот, од страна на Фондот се преглага системско решение во вид на носење на нови референтни*

*цени за примарни пакети, од што произлезе потребата од донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита и Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита. При тоа наведе дека новиот модел на финансирање на работењето на Здравствените домови е презентиран пред Сојузот на синдикатите на Македонија на денешниот состанокот за што може да потврди и Д-р Љубиша Каранфиловски, како нивен преставник.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, потврди дека новиот модел на финансирање на работењето со Здравствените установи е презентиран на Сојузот на синдикатите на Македонија и дека како нивен член едногласно ќе го прифати системското решение во вид на носење на нови референтни цени за примарни пакети,предложено од страна на Фондот.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе:*

*Правилник*
*за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита*
*и*
*Одлука*
*за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита и итната медицинска помош со домашно лекување*

**ТОЧКА 3-** *Информација за поднесените забелешки на Одлуката за утврдување на предлог референтни цени на лекови од 21 октомври 2010 година и донесување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови*

*Кристина Христова, ВД директор на одделението за фармација, информираше дека Комисијата за предлог референтни цени на лекови кои паѓаат на товар на Фондот изготви записник со прегледи на доставените забелешки согласно Правилникот за референтни цени на лекови на ФЗОМ. Истакна дека до Комисијата биле пристигнати 30 забелешки по објавените референтни цени на лекови и врз основа на нив во име на Комисијата како нивен член до Управниот одбор го предлага следното: по однос на точката 1 од Записникот, за лековите на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот кои за осигурениците се обезбедуваат преку аптеките кои имаат договор со Фондот*

*во примарната здравствена заштита од Одлуката за предлог референтни цени на лекови на товар на ФЗОМ бр.02-15186/4 од 21.10.2010 година констаирано е дека нема пристигнато забелешки и истите можат да се утврдат како референтни цени на лекови. По однос на точката 2 од Записникот предложи дека со оглед на тоа што нема да има влијание на утврдените референтни цени да се изврши бршење на лековите од Одлуката за референтни цени на лекови од листата на лекови на товар на ФЗОМ, поради необновени регистрациони решенија по барање на определени производители. Исто така предложи Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови да се дополни со новорегистрирани лекови со одобрени единствени цени, од причина што додавањето на овие лекови во Одлуката нема да предизвика промена на утврдените референтни цени на останатите лекови од таа генерика, а го зголемува изборот на лекови за осигурениците. Наведе дека со оглед на тоа дека барањата за дополнување на Одлуката за референтни цени на лекови на товар на ФЗОМ со новорегистрирани лекови во Република Македонија ќе предизвика промена на утврдените референтни цени од соодветните генерики на лекови, предложи за истите да се спроведе постапка за утврдување на предлог референтни цени на лекови согласно Правилникот за утврдување на референтни цени на лекови на Фондот.*

*Управниот одбор ги прифати предложите од Комисијата за утврдување на предлог референти цени на лекови на товар на Фондот и едногласно донесе:*

*Одлука*
*за утврдување на предлог референтни цени на лекови*
*и*
*Одлука*
*за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Заклучок:*** *За делот на лекови кои се опфатени со Одлуката за предлог референтни цени бр.02-15186/4 од 21.10.2010 година, а кои лекови се наменети за болничка здравствена заштита кои осигурениците ги обезбедуваат преку болниците односно преку нивниот буџет, Управниот одбор сметаше дека треба да се разгледа повторно откако претходно ќе се добие информација за текот на постапката за донесување на предлог правилник за утврдени единствени цени на лекови кој е во надлежност на Министерството за здравство односно Бирото за лекови.*

*ТОЧКА 4 - Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје кои се на специјализација*

*Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи, информираше дека ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје има добиено дозвола за работа издадена од Министерството за здравство покрај за специјалистичко - консултативна дејност и да врши дејност на примарно ниво. Поради тоа напомена дека Фондот со нив склучи договор и за примарна здравстена заштита и издаде факсимили на сите вработени лекари со посебен број за специјалистичко - консултативна дејност и посебен број за вршење на примарна дејност. Со оглед на тоа дека ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје бара од Фондот да издаде број на факсимил за вршење на примарна дејност за лекарите кои се на специјализација во здравствената установа, се обраќаме до членовите на Управниот одбор за да се донесе став во врска со нивното барање.*

*Директорката М-р Маја Парнарциева - Змејкова, појасни дека во врска со барањето на ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје треба да се донесе дефиниран став со оглед на тоа дека Фондот во досегашното работење еднострано ги раскинува договорите со лекарите од примарна здравствена заштита кои не вработуваат нов доктор како нивна замена и продолжуваат да работат во установата за што примаат капитација и одат на специјализација.*

*М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, напомена дека нема да гласа по однос на оваа точка на дневниот ред доколку стручната служба на Фондот нема свое мислење по однос на барањето на ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје.*

*Јасмина Смилевска, напомена дека со Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита е дадена можност на здравствената установа во која има повеќе лекарски тимови, при одење на специјализација на еден од избраните лекари не е должна да вработи нов лекар односно осигурените лица кои го избрале лекарот што заминува на специјализација ги презема еден од избраните лекари во истата здравствена установа. Напомена дека ова е една правна рамка со која може да ја регулираме со склучување на Анекс договорот со ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон„ Скопје. Истакна дека на овој начин ќе им се дозволи на лекарите кои се на специјализација да работат во здравствената установа за што Фондот ќе му издаде времен факсимил кој е со ист број како и факсимилот на лекар од истата здравствена установа определен како негова замена, со таа разлика што факсимилот на лекарот кој е на специјализација има ознака „С„. Оцени дека на овој начин нема да се направи исклучок за овие*

*лекари за разлика од останатите лекари во приватните здравствени установи од примарна дејност.*

***Заклучок:*** *Управниот одбор го прифати предлогот на Јасмина Смилевска со обврска теркот на Анекс договорот да биде презентиран на наредна седница на Управниот одбор.*

ТОЧКА 5 - *Информација за намирување на досудени судски трошоци од тужители поранешни вработени во Фондот*

*Деан Михајловски - ВД директор на секторот за човечки ресурси потсети дека на 82 -та седница на Управниот одбор како точка на дневен ред беше презентирана информацијата за* намирување на досудени судски трошоци од тужители кои биле прогласени за *технолошкиот вишок во 2003 година и по тој основ им престана работниот однос во Фондот. Објасни дека за судските предмети кои се досудени во корист на Фондот, досудените судски трошоци со камата Фондот има право да ги наплати со законски утврдена камата од тужителите кои ги изгубиле споровите. Истакна дека Фондот заради спроведување на постапката за наплата на досудените судски трошоци изготви текст на Договор за наплата на досудени судски трошоци кој ќе им биде понуден на лицата кои како тужители го изгубиле спорот со Фондот и имаат обврска да ги надоместат судските трошоци со пресметана затезна камата од денот на правосилноста на пресудите. Со оглед на тоа дека со склучувањето на Договорот би се дало можност на тие лица да ги надоместат досудените судски трошоци на 12 еднакви рати, побара од Управниот одбор да го одобри истиот.*

***Заклучок:****Управниот одбор беше информиран за постапката за наплата на досудените судски трошоци и позитивно се произнесе за теркот на Договорот за наплата на досудени судски трошоци, како еден олеснителен начин за нивна наплата.*

ТОЧКА 6 - *Барања од областа на работните односи:*

*Томо Ѓоргиев*
*Елена Томоска*
*Катерина Витановска*
*Делчо Дончов*
*Ридван Асани*
*Тања Колевска*

*Деан Михајловски, накратко ги презентираше сите поединечни барања кои се од областа на работните односи и тоа го даде следното образложение:*

- *Томо Ѓоргиев вработен како стручен соработник за странско осигурување во Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Скопје му е изречена парична казна поради тоа што во текот на неговото работење во континуитет се констатирани низа неправилности како што се губење на документи, недоставување на одговор по одредени списи во бараниот рок и слично, што се одразува негативно на севкупното работење во делот на спроведување на меѓународните договори.*

- Елена Томоска и Витановска Катерина приговараат за извршениот избор на кандидати за определени работни места во врска со објавениот оглас од 04.08.2010 година во Весникот „ Нова Македонија и „Лајме“.

- *Делчо Динчов вработен во Фондот сега пензионер бара да му се исплати јубилејна награда за 30 години непрекинат работен стаж во Подрачна служба - Штип за што објасни дека јубиларните награди не се доделуваат поединечно на барање на вработените пред истекот на годината. Тие се засметуваат истовремено за сите вработени кои го стекнале правото во текот на една година и се доделуваат на еден утврден датум во наредната година, без исклучоци. При тоа напомена дека Делчо Дончов оваа година се стекна со право на доделување на јубиларна награда на 01.01.2010 година која ќе му биде исплатена во јануари 2011 година заедно со сите останати вработени кои во 2010 година се стекнале со право на јубилејна награда.*

- *Ридван Асани е раководител во Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Куманово и истиот е казнет со парична казна поради погрешно внесување на ИЛ обрасците од страна на вработените за што истиот како раководител требал да знае со оглед на тоа дека има вработени кои се задолжени за информатичкиот систем во Подрачната служба - Куманово.*

*Директорката М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, објасни дека при извршената внатрешна контрола во Подрачната служба - Куманово се најдени низа аномалии во работењето особено во делот на ИЛ обрасците каде пасвордите на модулите не се соодветно користени од страна на овластените вработени поради што не може да се утврди индивидуална одговорност. Раководителот е должен да го следи работењето на вработените и да укаже на нивните пропусти.*

- *Тања Колевска, е парично казнета поради неовластено користење на службениот печат без дозвола од страна на раководителот.*

*Заклучок: Управниот одбор едногласно одлучи барањата на: Елена Томоска, Катерина Витановска, Делчо Дончов и Тања Колевска да се одбијат, а барањата на Томо Ѓорѓиев и Ридван Асани поради доставување на дополнителни информации од страна на стручните служби на Фондот, да се разгледаат на наредната седница.*

*Пред продолжувањето со останатите точки на дневниот ред, Директорката Мр. Маја Парнарџиева - Змејкова предложи да се разгледаат точките 9, 10, 11 заедно бидејќи се поврзани и посебно точката 12 од дневниот ред, а останатите точки 7,8,13 и 14 да се одложат за наредата седница на Управниот одбор.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот на Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова.*

*ТОЧКА 9 - Презентација за воведување на терцијар во купувањето на здравствени услуги*

*ТОЧКА 10 -Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита*

*ТОЧКА 11 -Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита*

*Бранкица Катушевска, раководител на одделението за преговарање и договарање, го презентираше воведувањето на терцијарот во купувањето на здравствените услуги. При тоа напомена дека согласно Националниот акционен план за унапредување и развој на ДСГ методата за евидентирање и плаќање на здравствените услуги за акутните болнички случаи во РМ и меѓународните искуства, Фондот спроведе активности и изготви анализи заради воведување на систем за плаќање на терцијарната здравствената дејност. Во својата презентација истакна дека терцијарната дејност како посебна област во здравствениот систем обезбедува; извршување на највиско (експертско) ниво на здравствена заштита, пружање на здравствени услуги на осигуреници кои имаат комплексна и тешка патологија, истражување и развој на медицинските методи, воведување на нови знаења и методи во областа на националната патологија, пренос на знаења и обука на здравствените работници на сите нивоа и изготвување насоки за целата земја и друго . Напомена дека согласно Законот за здравствената заштита, терцијарно ниво во РМ го вршат јавните здравствени установи – универзитетски клиники кои*

*извршуваат здравствени услуги кои бараат највисок стручен, организациски и технолошки сложен мултидисциплинарен здравствен третман од одредена гранка на медицината и укажуваат стручно-методолошка помош на здравствените установи од соодветната област, обезбедување на висококвалитетна грижа на пациентот во рамките на современите сознанија и обврска за едукација, истражување, публикување на сознанијата и секако образовната функција. Укажа на тоа дека субспецијалистички тимови се високо специјализирани тимови на стручни лица во терцијарната институција, кои планираат и изведуваат комплетни здравствени третмани на ретки и комплексни болести во државата. При тоа направи и компарација со меѓународните искуства во поглед на терцијарната здравствена кои укажуваат на фактот дека во сите земји кои ја користат ДСГ методата за акутните болни се врши дополнително финансирање (плаќање) за терцијатното ниво на здравствена заштита. Истакна дека според направените анализи и искуствата од другите земји согледано е дека најдобро решение за определување на терцијарот ( во делот на укажување на здравствени услуги) во Македонија е да се пресметуваат дополнителни средства од 10% на буџетот наменет за ДСГ, за здравствените установи кои вршат терцијарна здравствена заштита.*

*Управниот одбор позитивно ја оцени презентацијата за воведување на терцијарот во купувањето на здравствените услуги и едногласно донесе:*

*Правилник*
*за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита*
*и*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита*

*ТОЧКА 12 - Предлог - Годишни финансиски буџети на сите јавни здравствени установи заради трезорот*

*Славица Костовска, самостоен стручен соработник за буџет, план и анализа, објасни дека прикажаните сопстените приходи од страна на Јавните здравствени установи се нереално зголемени и поради тоа врз основа на финасиска анализа по барање на членовите на Управниот одбор од минатата седница направивме детална финасиска анализа за сопствените приходи на Јавните здравствени установи. Појасни дека во колоната 5 износот на сопствените приходи на јзвните здравствени установи за 2011 година е добиен врз основа на нивните остварените сопствени приходи во периодот јануари - септември и проекција за собирање на сопствени приходи до декември 2010 година односно сведени на годишно ниво.*

**Заклучок:** *Членовите на Управниот одбор едногласно го прифатија предлог проекцијата на Фондот за сопствените приходи на јавните здравствени установи направен врз основа на нивната реална реализација според податоци доставени од самите јавните здравствени установи и едногласно донесе:*

*Одлука*
*За утврдување на Буџетот за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2011 година*

*Со тоа дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор заврши со работа во 16.30 часот.*

***Записничар,***
***Даниела Јовческа - Ѓуровска***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***